Реден број на прилогот:53

Прилог бр.3	Предметна програма од прв циклус на студии				
1.	Наслов на наставниот предмет	**АГРОПРЕТПРИЕМНИШТВО И ИНОВАЦИИ**			
2.	Код	**ФЗНХ 5**			
3.	Студиска програма	**Агроекологија**			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	**Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје**			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	**Прв циклус студии**			
6.	Академска година/семестар	**Четврта година/ VIII семестар**	7.	Број на ЕКТС кредити	**6**
8.	Наставник	**Доц. д-р Ристе Еленов**			
9.	Предуслови за запишување на предметот	Претходни општи предзнаења од областа на економиката на земјоделството			
10.	**Цели на предметната програма (компетенции):** Студентите ќе се стекнат со знаење за агропретприемништвото и иновациите, претприемничките и иновативни модели, стратегии и анализи, ќе ја сфатат улогата и значењето на претприемништво во контекст на земјоделско-прехранбениот комплекс и растечката улога на иновациите. Студентите ќе се здобијат со основни вештини за развивање на претприемнички и иновативен пристап, со што понатаму ќе можат самостојно да развиваат специфични идеи за претприемнички и иновативен бизнис.				
11.	**Содржина на предметната програма:** Вовед. Поим и дефиниција за претприемништво. Разбирање на претприемништвото во земјоделството. Карактеристики на претприемачот и претприемништвото, споредба помеѓу традиционалниот и претприемничкиот агробизнис. Претприемничко насочување кон промена, претприемачки квалитети, градење претприемнички вештини, поддршка за развој на претприемачкиот капацитет. Индивидуално и групно претприемништво. Стратегии за раст. Стратегии за отстранување на ризикот. Одредување на проблемите при започнување на претприемнички бизнис. Одредување на можностите за отпочнување бизнис со ограничен капитал. Стратегии за зголемување на кредибилитетот на малите/семејните фирми. Практицирање на методи за генерирање идеи за нов производ/услуга. Анализа на силните и слабите страни, можности и закани на новиот производ/услуга. Анализа на ефектите од воведувањето новиот производ/услуга. Анализа на предностите и слабостите при купување фирма. Анализа на мотивите за продажба на фирма. Одредување на потенцијални кандидати за советодавен одбор. Мониторинг на претприемничката дејност. Стратегии за опстанок на бизнисот. Актуелизација на претприемничките стратегии. Промовирање на нови технологии и иновации. Концепт и модел за развој на науката и технологијата, кон претприемнишптво и иновации. Анализа на иновативните активности во науката и технологијата. Главни актери и нивните улоги во науката и технологијата. Механизми на интеракција и иновација во науката и технологијата. Импликации кон системот на знаење и трансфер на технологијата и иновациите во земјоделството - земјоделско образование, наука и истражување, советодавни услуги. Принципи и примена на паметната специјализација. Најмалку едно предавање ќе се реализира преку теренска настава на студентите со посета на земјоделско претпријатие и опфат на претприемништвото и иновациите, односно со учество на гости-предавачи на часовите.				
12.	**Методи на учење:** Наставата ќе се реализира со теоретски предавања, поддржани со Power Point и видео презентации, ќе се практикуваат дискусии, изучување на практични случаи, студии на случај, изработка на групни и индивидуални домашни и проектни задачи. Практичната работа ќе се реализира со вежби поврзани со методските единици. Во рамки на предметот, ќе се посвети внимание на обработка на податоци и презентирање на резултати, самостојно и поединечно решавање на конкретни проблеми кои се актуелни од областа на претприемништвото и иновациите.				
13.	Вкупен расположлив фонд на време	**6 ЕКТС х 30 часови = 180 часови**			
14.	Распределба на расположливото време	**45+30+105 = 180 часови (15.1+15.2+16.1+16.2+16.3)**			
15.	Форми на наставните активности	15.1	Предавања – теоретска настава	**45**	часови
		15.2	Вежби (лабораториски, аудиториски, теренски), семинари, тимска работа	**30**	часови
16.	Други форми на активности	16.1	Проектни задачи	**20**	часови
		16.2	Самостојни задачи	**20**	часови
		16.3	Домашно учење	**65**	часови
17.	Начин на оценување				
	17.1	Тестови		**60**	бодови
	17.2	Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна)		**10**	бодови
	17.3	Активност и учество		**30**	бодови

18.	Критериуми за оценување (бодови/оценка)		**до 50 бода**	**5**	**(пет)**	**(F)**
			од 51 бода до 60 бода	**6**	**(шест)**	**(E)**
			од 61 бода до 70 бода	**7**	**(седум)**	**(D)**
			од 71 бода до 80 бода	**8**	**(осум)**	**(C)**
			од 81 бода до 90 бода	**9**	**(девет)**	**(B)**
			од 91 бода до 100 бода	**10**	**(десет)**	**(A)**
19.	Услов за потпис и полагање на завршен испит		**Изработени домашни работи**			
20.	Јазик на кој се изведува наставата		**Македонски**			
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		**Анонимна анкета на студентите**			
22.	Литература					
	22.1	Задолжителна литература				
		Ред. број	**Автор**	**Наслов**	**Издавач**	**Година**
		1.	Kahan, D.	Entrepreneurship in farming	FAO, Rome	2012
		2.	Пешевски, М.	Агропретприемништво	ЗАЕМ, Скопје	2004
		3.	Goffin, K., Mitchell, R.	Innovation Management: Effective strategy and implementation	Bloomsbury Academic	2016
	22.2	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	OECD	Agricultural Innovation Systems, A Framework for Analysing the Role of the Government	OECD	2013
		2.	FAO	Assessing agricultural innovation systems for action at country level - A preliminary framework	FAO, Rome	2022
		3.	Yang, P., Jiao, X., Feng, D., Ramasamy, S., Zhang, H., Mroczek, Z., Zhang, W.	An Innovation in Agricultural Science and Technology Extension System – Case study on science and technology backyard	FAO, Rome	2020